ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ASSOCIATION OF MACEDONIANS IN REPUBLIC OF CROATIA
CROATIA, ZAGREB, MASARYKOVA 16/1, tel/fax: + 385 1 4872-655
Matični broj: 3805760 , Žiro račun: 2340009-1100038804

Урброј: ЗМ – 56 – 1/2004
Загреб, 13.09.2004.

# З А П И С Н И К

на **ВТОРАТА седница** на Управниот Одбор на Заедницата која се одржа на ден **13.09.2004. година** со почеток во **11.20 часот** во просториите на Заедницата во Загреб.

**Присутни:** С. Сагадин – МКД „К. Рацин„ – Пула – претсед. на Заедницата, И. Христодулов – МКД „Илинден„ – Риека, М. Мајиќ (по полномоштво на претсед.) – МКД „Биљана„ – Задар, Ј. Цветичанин – МКД „Б. Миладиновци„ - Осиек, А. Оџаклиески (по полномоштво на претсед.) – МКД „К. Мисирков„ – Загреб, В. Апостолски – МКД „Македонија„ – Сплит, А. Рабузин – секретарка на Заедницата и Е. Жугај – новоизбрана адм. секретарка на Заедницата.
**Отсутни:** Н. Гроздановски
**Гости:** М. Апостоловска – Вујаклија, М. Паризоски, Отец К. Велински и Н. Илиевски.

Седницата ја водеше претсед. на УО на Заедницата – С. Сагадин. По утврдувањето дека на седницата присуствува доволен број на членови за донесување на правно важечки одлуки, претсед. нагласи дека дн. ред за оваа седница е многу обимен, затоа ги замоли присутните да бидат експедитивни и по читањето на истиот, членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија** и седницата продолжи со работата по следниов:

## Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Усвојување на записникот од првата седница;
2. Анализа на активностите од претходната седница до денес – извештај за сите остварени досегашни програми и оние до крајот на годината за секое друштво поднесува претседателот на друштвото (извештај во писмен облик за архива);
3. Донесување на одлука за разрешување на досегашната адм. секретарка на Заедницата и донесување на одлука за именовање на нова адм. секретарка;
4. Договор за план и програм на работа за 2005. година (во писмен облик за архива доставува претседателот на друштвото);
5. Донесување на одлука за именување на комисија за изработка на Статут на Заедницата;
6. Договор за реализација на понатамошните програми на Заедницата;
7. Разно.

**Ад. 1.** По завршената дискусија членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија записникот** од првата седница на УО.

**Ад. 2.** По оваа точка на дн. ред претставниците од секое друштво дадоа опширен извештај за остварените програми до почетокот на оваа седница и исто така ги наведоа планираните активности и програми до крајот на оваа година. Во врска со реализацијата на централната прослава на Илинден, извештајот го даде И. Христодулов – организатор на манифестацијата за што изнесе дека вкупните трошкови за таа цел преку МКД „Илинден„ – Риека изнесуваат 39.698,21 кн. Тој исто така побара од страна на Заедницата да се отстапат дел од средствата преостанати за таа намена затоа што предвидениот износ од 20.000,00 кн. е надминат и ке биде подмирен во целост со средствата од друштвото и од новопримениот износ од Заедницата. Во врска со таа тема извештајот за трошковите преку Заедницата го даде А. Рабузин нагласувајки дека вкупно е потрошено 28.175,25 кн. (прилог) и после тоа членовите на УО со јавно гласање **едногласно донесоа одлука** на друштвото од Риека да се дозначат 2.000,00 кн. – средства преостанати на сметката на Заедницата за таа културна манифестација. Во писмена форма – за архива попис на остварените програми и наредните до крајот на оваа год. доставија друштвата од Задар и Загреб, друштвото од Осиек за наредната манифестација „10 денови на Македонската култура„ а останатите друштва не. Во текот на излагањата членовите се договорија и за реализација и учество во некои од наредните манифестации (членови од друштвата да настапат во Пула на „Деновите на Кочо Рацин„). За овогодишната прослава на Илинден присутните го изразија своето задоволство за одлично реализираната манифестација.
За реализираните активности, работи и манифестацијата Илинден на ниво на Заедницата извештај поднесе А. Рабузин (прилог). Во врска со извештаите за Советот, А. Рабузин го образложи примерот со извештајот на друштвото од Сплит (прилог), нагласувајки дека во иднина така непотполн извештај неможе да се прави и ги замоли сите да во иднина се придржуваат на предвидените рокови за достава на извештаите и истите да бидат направени како треба и со сите прилози.
И. Христодулов ги информира присутните за работата на Пододборот за правата на нац. малцинства при Хрватското Собрание (прилог).

**Ад. 3.** Претседателката С. Сагадин ги информира членовите за настанатите промени во вршењето на должноста на адм. работи на Заедницата и по завршената дискусија, членовите на УО со јавно гласање **ретроградно едногласно ги донесоа** следниве одлуки:

- **се разрешува А. Штефанчиќ од раб. место - адм. секретарка на Заедницата (која од здравствени причини неможе да ја извршува таа работа);**
- **се именува Елизабета Жугај за адм. секретарка на Заедницата;**
- **овие одлуки стапуваат на сила од 16. 07. 2004. година;**
- **хонорарот за адм. секретарка ќе изнесува 1.500,00 кн. месечно за 4 часа дневно раб. време и по месечен „Ugovor o djelu" до крајот на оваа година;**
- **се задолжуваат претс. и секретарката на Заедницата да ги испитаат и останатите можности за реализација на поголем хонорар и можеби вработување со стаж на адм. секретарка од 01. 01. 2005. година (консултации со книговодителот);**
- **ако постојат можности за горе наведеното, претс. на Заедницата даде предлог во тој случај да се издаде јавен конкурс во декември 2004. година.**

**Ад. 4.** Во писмена форма припремен план и програм на работа за 2005. год. за друштвото од Риека предаде И. Христодулов, сите останати претст. од друштвата усмено ги изнесоа своите планови и програми (друштвото од Задар достави и попис). Присутните исто така меѓусебно се договорија и за соработка во реализацијата на програмите за идната година. По предлогот на В. Апостолски (поставување на споменик на Б. Миладиновци) договорен е прецизен предлог на манифестацијата „Осми дани Б. Миладиновци„ да направат В. Апостолски и Ј. Цветичанин. А. Рабузин предложи да сите друштва во своите планови и програми за 2005. год. ги пријават секциите кои активно работат, а се финансираат од

Советот и ев. уште некоја секција која би можела да дојде во предвид за финансирање (нпр: литературна идр.), а од манифестациите би било добро секое друштво да ги задржи традиционалните и поквалитетните манифестации како и досега, а да се осмислат и нови кои би претставувале одредена целина. Исто така нагласи дека би било добро секое друштво да пријавува и манифестации: „Македонска вечер„ , претставување на книги и изложби. Во понатамошната дискусија членовите на УО се договорија на ниво на Заедницата да се пријави следното:

1. Информирање – Мак. глас како и досега, 4 -6 броја;
2. Издаваштво – сите друштва да достават свои предлози кои ќе бидат прегледани од проф. Павловски и по неговиот предлог ќе се пријават најдобрите дела;
3. Културните манифестации сите во соработка и во време на одржување на точно одредена манифестација во некое од друштвата, а како следи:
   - ~~Претставување на книги~~ во Задар и Сплит (во 05. месец); -IZLOŽBA
   - Настап на фолкл. и пеачки групи од друштвата во Риека (во 04. месец);
   - Книжевна вечер во Загреб (во 11. месец);
   - Поетска вечер во Пула (во 11. месец);
   - Концерт на сериозна музика на млади студенти во Осиек (во 06. месец);
   - Централна прослава на „Илинден„ во Самобор (на 02. 08.);
   - Претставување на книги од Б. Павловски и М. Апостоловска – Вујаклија.
4. Членовите на УО се договорија во склопот на програмите за идната год. во пријавата биде и посебно образложување за барањето на повеќе средства за режиски трошкови за адм. работи, одржување на просториите и опрема. Понатаму, членовите на УО се договорија: штом ќе се добијат формуларите за пријава на програмите од страна на Заедницата, истите ќе се проследат до секое друштво со рок на достава на пријава на програмите од страна на секое друштво до Заедницата, така да истите бидат предадени во Советот навреме.

**Ад. 5.** По завршената расправа за именување на комисија за изработка на Статутот на Заедницата, членовите на УО **едногласно донесоа одлука** таа комисија да се состои од **5 членови** и тоа: **Јулијана Кöениг, Елизабета Жугај, Анка Рабузин, Марјан Гиговски и Марко Паризоски.** Исто така, се донесе одлука да се внесе промена во Статутот во врска со вработувањето на адм. секретарка на Заедницата.

**Ад. 6.** Од понатамошните програми и обврски на ниво на Заедницата, членовите на УО се согласија за следното:

- Следниот број Мак. глас да излезе до 10 – 15. 11. – за сите поединости во врска со списанието информации даде М. Апостоловска која ги замоли присутните да пренесат на своите дописници: прилозите да ги испраќаат во иднина по електронска пошта и во Мак. фонт кој им е доставен со дискета, а за овој број до крајот на септември;
- Со издавачката дејност за сите дела веднаш да се тргне со реализација;
- Планираната изложба на слики нема да се оствари од причина што недостасуваат средства и од причина што досега ниту едно друштво не ја извршило својата обврска да достави попис на излагачите;
- Во врска со дописот од ХРТ (прилог) кој е доставен до секое друштво, од сите присутни само Ј. Цветичанин рече дека е пријавена нивната дописничка;
- На VII – та манифестација „Култ. стваралаштво нац. мањ. у РХ„ во Лисински оваа год. Заедницата да ја претставуваат по договор друштвата од Пула и Загреб, а тие друштва да достават податоци како би се на време извршило пријавување на програмата (прилог);

- Понатаму, во врска со примениот допис од Унијата на Италијаните (прилог), присутните се договорија секое друштво самостално да одлучи;
- Претсед. С. Сагадин го прочита дописот од Советот за нац. малц. (прилог) према кој таа е поканета да учествува на семинар кој ќе се одржи во Цавтат, со што присутните се сложија таа да оди;
- А. Рабузин ја изнесе финансиската ситуација во моментот, нагласувајки дека од страна на Советот до крајот на год. останувaат само уште 136.000,00 кн. кои би ги примиле и со преостанатите 50.000,00 кн. на сметката на Заедницата за сите програми не преостануваат многу средства и замоли и апелира на штедење. Со планираните средства во целост да се реализира издаваштвото, информирањето и средствата за трансфер како што е планирано. За потребите за режиски трошкови веднаш да се оди во реализација по договореното, одн. и друштвото и црквата да ги плаќаат сметките, а од страна на Заедницата да се испрати допис – барање до Советот за додатни средства за таа намена.
  Од преостанатите вкупно 87.000,00 кн. за трансфер членовите се договорија да се направи трансфер на следниот начин: Загреб – 10.000,00 кн, Осиек – 6.000,00 кн, Пула – 11.500,00 кн, Риека – 10.000,00 кн, Сплит – 4.000,00 кн, Задар – 3.000,00 кн.

**Ад. 7.** По оваа точка на дн. ред не се водеше расправа.

Седницата заврши во 17.00 часот.

Записничарки:

Анка Рабузин и Елизабета Жугај

Претседателка:

Славица Сагадин